Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndermarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 04-457/2
03 10 2018 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ – СКОПЈЕ
## N.P. PARKINGU I QYTETIT – SHKUP

Врз основа на член 37 од Закон за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 20-г од Закон за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 22 и 23 од Закон за работните односи (Сл.весник на РМ бр.167/15-пречистен текст), и Правилник за вработување, унапредување и распоредување на друго работно место за даватели на јавни услуги со арх.бр.02-222/7 од 14.06.2017 година, а поради зголемен обем на работа, Директорот на ЈП Градски паркинг-Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС 02/2018**
**за вработување на неопределено време во ЈП Градски паркинг-Скопје**

1. **Помошник на Директор за планирање, унапредување на дејноста и развојни активности,** шифра - **КДР 03 05 А01 070**, (1) еден извршител,

**Опис на работно место – работни цели**
Целта на ова работно место е да биде помош за Директорот на претпријатието во делот на планирањето, унапредувањето на дејноста и превземање на развојни активности и да ја следи законитоста на работењето на претпријатието.

**Општи услови**
- Да е државјанин на Р.Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здраствена способност за работното место
-Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
- Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; вид на образование политички, правни или економски науки.
-за нивото А1 најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватнен сектор.
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда,
-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

Распоред на работно време
- Работни денови од понеделник – петок
- Работни часови неделно 40 часа
- работно време од 08:00 до 16:00 часот

Паричен нето износ на плата 47.120,00 денари

**Кандидатите доставуваат пријава која треба да ја содржи следната содржина:**
1. Лични податоци за кандидатот
2. податоци за исполнување на опшите услови
3. податоци за исполнување на посебните услови
4. Изјава со потврда дека податоците содржани во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот
5. дата на пријавување и потпис на кандидаот

Приложените документи кон пријавата се во оригинал или копија заверени на нотар.
Пријавата може да се превземе од веб страницата на ЈП Градски паркинг – Скопје.

ул.„Македонија" бр.11 а, 1000 Скопје , Р.Македонија | поштенски фах 739 | контакт тел.+389 2 3091 072
www.gradskiparking.com.mk е-пошта: infogradski@gradskiparking.com.mk

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува горенаведените услови може да ја достави својата пријава со приложени потребни документи во седиштето на ЈП Градски паркинг-Скопје (Архива) или по пошта на ул. Македонија бр.11а Скопје – Центар во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавување на огласот односно најдоцна до 19.10.2018 година.

Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи
Ненвремени и некомплетни пријави нема да бидат разгледувани.